**ЗАПИСНИК**
**од 22-та седница на Советот**
**одржана на 11.06.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Трајчевски, м-р Милаим Фетаи, Бранко Радовановиќ, Столе Наумов, м-р Борис Арсов, Замир Мехмети, Селвер Ајдини, акад. Бојан Шоптрајанов, Селадин Џезаири, Лазо Петрушевски, м-р Методија Јанчески, Антонио Јовановски.

**Отсутни членови на Совет:** м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна), м-р Васко Петревски, (оправдано отсутен), Методи Стоименовски, (оправдано отсутен).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, Арџент Џелили и Ружица Бошнакоска - Јотевска.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски ја отвори 22-та седница на Советот за радиодифузија.

На почетокот на седницата, Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, ги наведе причините за нејзиното итно закажување. Објасни дека на 14-та седница одржана на 14.05.2012 година, Советот донел одлука за јавна набавка на 4 (четири) моторни возила за потребите на Советот за радиодифузија на РМ, согласно тендерската документација, предложена и усвоена од Советот. Но, на веб страницата на Бирото за јавни набавки од страна на Раководителот на Секторот за правни работи е објавена поинаква тендерска документација, која содржи битни пропусти и недостатоци и истата се разликува од Одлуката за јавна набавка на 4 (четири) моторни возила за потребите на Советот за радиодифузија на РМ и тендерската спецификација што Советот веќе ја има изгласано и усвоено. Пропустите се однесуваат во невградување на делот „Сервисирање и одржување на возила за време од 3 (три) години“, кој е составен дел на тендерската спецификација, во која е наведено дека - Трошоците за времетраење на договорот (36) месеци до 100.00 км да се на товар на економските оператори – понудувачи односно: Каско осигурувањето, авто одговорност, регистрација на возилата, одржување за сервисирање и потрошен материјал (замена на масло и филтер за масло на секои 10.000 km, замена на филтер за воздух, филтер за гориво и други потребни филтри согласно упатствата од производителот, 4 зимски пневматици, една замена на антифриз, едно дополнување на клима уредот со средство за ладење). Исто така, не е објавено и дека – Минимум гарантен период на возилата е: на мотор и подвозје – минимум 36 месеци или 100.000 км; на надворешен лак – 3 години и на каросерија од корозија – 12 години. Објавената содржина на техничката спецификација на возилата на веб страницата на Бирото за јавни набавки од страна на Раководителот на Секторот за правни работи, во делот сервисирање и одржување на возилата, не ги содржи наведените тендерски услови. Доколку Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, навремено не ја увидел грешката, Советот за радиодифузија, би бил материјално оштетен.

Поради наведените причини и изминат рок за да се направат потребни измени во тендерската документација, согласно Законот за јавни набавки, Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски предложи Советот да донесе Одлука за поништување на постапката за јавна набавка ОП бр.01/2012 на 4 (четири) моторни возила за потребите на Советот за радиодифузија на РМ.

Предлози за измена или дополнување на дневниот ред не беа понудени, така да Советот едногласно, го усвои следниот:

**Д н е в е н   р е д**

1. Предлог-Одлука за поништување на постапката за јавна набавка ОП бр.01/2012 на 4 (четири) моторни возила за потребите на Советот за радиодифузија на РМ.
2. Предлог-Одлука за јавна набавка на 4 (четири) моторни возила за потребите на Советот за радиодифузија на РМ.
3. Предлог за утврдување на кршење на работниот ред и дисциплина од страна на раководителот на Секторот за правни работи.

**Точка 1**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за поништување на постапката за јавна набавка ОП бр.01/2012 на 4 (четири) моторни возила за потребите на Советот за радиодифузија на РМ.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, уште еднаш ја објасни причината за Предлог-Одлуката за поништување на наведената јавна набавка, односно поради пропустите во работењето на Раководителот на Секторот за правни работи, во однос на изработката на тендерската документација бр.02-2701/1 од 22.05.2012 година.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, Предлог-Одлуката за поништување на постапката за јавна набавка ОП бр.01/2012 на 4 (четири) моторни возила за потребите на Советот за радиодифузија на РМ, дополнета со забелешката од членот на Советот, Столе Наумов, ја стави на гласање. Предлогот беше едногласно усвоен.

**Точка 2**

Советот ја разгледа Предлог-Одлуката за јавна набавка на 4 (четири) моторни возила за потребите на Советот за радиодифузија на РМ.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, напомена дека тендерската документација за Одлуката за јавна набавка на 4 (четири) моторни возила за потребите на Советот за радиодифузија на РМ е идентична со Одлуката за јавна набавка на 4 (четири) моторни возила за потребите на Советот за радиодифузија на РМ од 14-та седница одржана на 14.05.2012 година.

Советот едногласно одлучи, за потребите на Советот за радиодифузија во 2012 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки, да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка - стоки: 4 (четири) возила за потребите на Советот за радиодифузија на РМ (со одложено плаќање на 36 рати).

Вкупниот износ на средствата потребни за реализација на договорот за јавна набавка од точка 1 на овој Заклучок, изнесуваат 3.750.000,00 денари, без вклучен ДДВ.

За реализација на договорот за јавна набавка средствата се обезбедени, односно ќе бидат обезбедени на следниот начин:

- износот од 625.000,00 во Финансискиот план за 2012 година.
- износот од 1.250.000,00 во Финансискиот план за 2013 година,
- износот од 1.250.000,00 во Финансискиот план за 2014 година,
- износот од 625.000,00 во Финансискиот план за 2015 година.

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

- Огнен Неделковски - претседател на Комисијата, со заменик Арбен Саити;
- Владимир Ѓеорѓиески - член, со заменик Арѓент Џелили и
- Љубе Тарчуговски - член, со заменик Хари Митриќески - Клекачкоски.

**Точка 3**

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, го информираше Советот дека е потребно да се утврди дали е дојдено до кршење на работниот ред и дисциплина од страна на раководителот на Секторот за правни работи, бидејќи не постапил по утврдениот став на Советот по прашањето што се разгледувало на 14 седница одржана на 14.05.2012 година а во врска со необјавената содржина од Тендерската документација бр.02-2701/1 од 22.05.2012 година?

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, предложи Советот да постапи согласно Правилникот за работниот ред и дисциплинската и материјалната одговорност на вработените во Стручната служба на Советот.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека станува збор за Раководител на Сектор и состојба во Стручната Служба. Тој рече дека смета дека треба пошироко и подлабоко да се навлезе во состојбите и односите во Стручната служба, со цел да се елиминираат ваквите или слични ситуации. Додаде дека смета дека за предлогот за утврдување на кршење на работниот ред и дисциплина од страна на раководителот на Секторот за правни работи, мислење ќе има Синдикалната организација на Стручната служба на Советот, затоа што Стручната служба е основната артерија за функционирање на Советот за радиодифузија. Тој предложи целата несакана ситуација да се разгледа во целина затоа што постојат причини и последици. Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека на седницата се говори само за настанатите последици.

Советот заклучи, постапката да продолжи согласно Правилникот за работниот ред и дисциплинската и материјалната одговорност на вработените во Стручната служба на Советот. При гласањето, воздржан беше Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, сите други членови гласаа "за".

**Бр. 02-3145/4**
**18.07.2012 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработила: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*